МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16-ј став (5) од Законот за квалитетот на земјоделските производи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10, 53/11, 55/12 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ЗЕМЕНИТЕ ПРИМЕРОЦИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА БРАШНОТО КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ЗЕМЕНИТЕ ПРИМЕРОЦИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА БРАШНО, ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за овластување на лаборатории за вршење на анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на брашното како и формата и содржината на барањето заради недонесувањето на решение за овластување на лаборатории за вршење на анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на брашно, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за донесување на решение за овластување.

## Член 2

(1)Барањето за овластување на лабораторија за вршење на анализа и суперанализа за контрола на квалитетот на брашното се поднесува на образец во формат А4 во бела боја.

(2)Образецот на барањето од став (1) на овој член ги содржи следните елементи:

- назив на органот до кој се поднесува барањето;

- назив на барањето;

- назив на правно лице- подносител на барањето;

- седиште и адреса на правното лице - подносител на барањето;

- телефон, факс и е-пошта;

- ЕМБГ /ЕДБС и шифра на дејност на правно лице – подносител на барањето;

- датум и место на поднесување на барањето и

- место за печат и потпис на подносителот на барањето.

(3)Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

(1)Барањето заради недонесување на решение за давање на овластување за вршење на анализа и супераназиза за контрола на квалитетот на брашното, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за донесување на решение за овластување се поднесува на образец во формат А4 во бела боја.

(2)Образецот на барањето од став (1) на овој член ги содржи следните елементи:

- назив на органот до кој се поднесува барањето;

- назив на барањето;

- назив на правно лице- подносител на барањето;

- седиште и адреса на правното лице - подносител на барањето ;

- телефон, факс и е-пошта;

- ЕМБГ-ЕМБС и шифра на дејност;

- краток опис поради што се поднесува барањето;

- датум и место на поднесување на барањето и

- место за печат и потпис на подносителот на барањето

(3)Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.11-22084/3 Министер за земјоделство

23 јануари 2014 година шумарство и водостопанство,

Скопје Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1

ДО:
Министерството за земјоделство,
шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ

За овластување на лабаратории за вршење анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на брашното

Од ____________________________________________________________

(назив на правното лице- подносител на барањето)

____________________________________________________________

(седиште и адреса на правното лице подносител на барањето), (тел., факс, е-пошта)

____________________________________________________________ ________

( ЕМБГ/ЕМБС и шифра на дејност)

Датум и место на поднесување
____________________________

МП

Подносител на барањето
____________________________

Прилог 2

ДО :
Писарницата на министерот за земјоделство,
шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ

заради недонесување на решение за давање на овластување на лабаратории за вршење анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на брашното, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за донесување на решение за овластување

Од ______________________________________________________________

(назив на правното лице- подносител на барањето)

______________________________________________________________

(седиште и адреса на правното лице- подносител на барањето), (тел., факс, е-пошта)

______________________________________________________________

(ЕМБС/ЕМБС и шифра на дејност)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 16-ј став 4 од Законот за квалитетот на земједелските производи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за овластување на лабараторија за вршење на анализа на земените примероци за контрола на квалитетот на брашно поднесено под број ______________________ од ______________________ до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија ви ја доставувам во прилог.

Датум и место на поднесување ____________________________

МП

Подносител на барањето ____________________________